**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)**

**ПРЕПОРАКИ**

**9-та сесија на Работната група – 4, Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24), 06.07.2021 година**

***Тема: Што стои на патот во спроведувањето на антикорупциското законодавство***

1. За заштита од политичка и друг вид на корупција при назначувањето на вршители на јавни функции, за чие постоење укажуваат анализите на ДКСК, се препорачува: Министерството за информатичко општество и администрација да ги редефинира критериумите за регрутирање и избор на вршители на јавни функции, со давање отворена можност за регрутација преку јавен конкурс. На тој начин ќе се намали можноста да бидат назначувани вршители на јавни функции без соодветни компетенции, како и лица кои биле осудувани за финансиски или друг вид на криминал.

2. Во процесите на регрутирање на носители на јавни функции, транспарентноста е една од најважните алатки за спречување на корупцијата. Министерството за информатичко општество и администрација треба да ја разгледа потребата од зајакнување на законските регулативи со прецизно дефинирање на начинот на примена на алатките при изборот на кандидати за јавни функции. Списокот на пријавени кандидати треба да биде објавен на ВЕБ-страницата на Агенцијата и достапен за јавноста. Изборот на вистинската личност треба да се направи според професионалните капацитети (merit), и да произлегува од краток список на избрани кандидати.

3. Министерството за информатичко општество треба да ја разгледа укажаната потреба за креирање на *План за интегритет*, кој ќе овозможи да бидат полесно препознаени ризиците поврзани со интегритетот според нивото на одговорност со што ќе се зајакнат механизмите за превенирање на ризиците од нарушување на интегритетот, како и развој на инструменти за воспоставување интегритет на вработените во државната администрација, особено за јавните службеници.

4. Намалувањето на корупцијата е континуирано приближување кон идеалот за еднаквост на сите граѓани пред законите што се постигнува со градење на механизми за проверка при постапувањето, почести ревизии и контроли. Се препорачува на

Министерството за внатрешни работи да ја разгледа можноста за примена на современи техники/постапки во работењето на полицијата (поставување на камери 24/7 на униформите) камери во административниот сегмент на полицијата (издавање на лични документи), како и доследно спроведување на санкциите (куќен притвор, затвор и други казнени мерки) за незаконско постапување.

5. Со оглед на фактот дека само 1/3 од препораките за спречување и борба против корупцијата предложени од ДКСК се усвоени и применети во практиката, се препорачува Владата на РС Македонија да иницира јавна дебата за препреките во имплементацијата на антикорупциските мерки (со учество на претставници на Владата, претставници на Собранието, граѓанските здруженија, претставници на НКЕУ-МК и други засегнати страни).

6. Владата на Република Северна Македонија да обезбеди финансиски средства (во Буџетот за 2021 година) за реализација на планираните нови вработувања во Државната комисија за спречување на корупција со цел навремено и ефикасно извршување на исклучително значајните активности во борбата и спречувањето на корупцијата.

7. Владата на Република Северна Македонија да ја поддржи практиката за спроведување на антикорупциска проверка на предлог- законските решенија со цел вградување на правни механизми за спречување и санкционирање на корупцијата.

8. Се препорачува Министерството за внатрешни работи во основните обуки за профилирање на полицајци и полициски службеници да се зголеми обемот на содржини (бројот на часовите) кои ќе се однесуваат на полицискиот интегритет и спречување на корупција во полицијата.

9. Експертските анализи покажуваат дека обвинителството е една од слабите точки во борбата против финансискиот криминал и корупцијата, особено поради политичкото и друго влијание во процесот на гонење  на сите нивоа. На високите претставници на Советот на обвинители им се препорачува да ја водат реформата на обвинителството во согласност со меѓународните стандарди  стриктно водејќи се од принципите за ефикасност, транспарентност и отпорност на надворешно влијание.

10. Народниот правобранител да иницира јавна дискусија и да одговори на укажаната потреба од измена на Законот за НП (чл. 11д) поврзан со мандатот на претставниците на граѓанското општество во Канцеларијата на надворешниот механизам, согласно направените странски и домашни експертизи, вклучувајќи ја онаа на Советот на Европа.

11. Министерството за информатичко општество и администрација да одржи една стручна консултативна расправа со граѓанските здруженија, НКЕУ-МК и другите заинтересирани страни за преземање на конкретни иницијативи за подигање на свеста кај вработените во државните институции за борба против корупцијата со воспоставување на механизми според примерите на други држави (анкетен прашалник, евалуација, симулации, позитивни практики)[1]

12. Граѓанските платформи кои работат во доменот на спречување и борба против корупцијата да посветат посебно внимание во јавната афирмација на значењето на *Законот за укажувачи* со цел да јакне свеста на граѓаните за нивната улога во заштитата од злоупотреби на службената положба и коруптивно работење. Исто така, да се развијат практики на давање на правна помош на укажувачите, финансиска поддршка и друг вид на неопходна поддршка во случај на нивно суспендирање од работа.

13. На медиумите, како значајна инстанција за обезбедување на исклучително потребната јавност и транспарентност во борбата против корупцијата, ѝм се препорачува да ги зголемат своите истражувачки иницијативи за следење на податоците за јавните набавки, како и будно да го следат работењето на именуваните вршители на јавни функции.

[1] Во САД еднаш годишно се пополнува формулар подготвен од Владата со околу 30 кратки прашања Што е корупција, дали честење ручек за услуга е корупција, до кој износ може да се прими награда, дали треба да се пријави мито..... Доколку не се пополни прашалникот не се продолжува договорот за работа или кај нас би било дисциплинска постапка. Овие повторливи механизми влијаат на подигање на свеста на вработените во државните институции.